РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 99-та седница одржана на 26.01.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под бр. 12-5917/1 од 21.12.2023 година, со наводи против сопственик на правно лице и претседател на огранок на политичка партија, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување.

Предметот со број 12-5917/1 од 21.12.2023 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 21.12.2023 година, поднесена е пријава со наводи против сопственик на правно лице и претседател на огранок на политичка партија и оформен е предмет број 12-5917/1 од 21.12.2023 година.

Во пријавата се наведува дека се злоупотребува името на -------------- од страна на претседател на општински огранок, кој воедно е сопственик на дуќан за продажба на текстил ------------------- во ------------- чиј сопственик е --------------. Подносителот изнесува наводи дека таму се продава нерегистриран текстил, не се издаваат фискални сметки и работат непријавени работници. Во продолжение се наведува дека злоупотребите се движат преку две правни лица регистрирани на име на сопственикот, за кои се дадени податоци во пријавата, а воедно е опишан и начинот на кој подносителот смета дека се вршат злоупотребите и нерегистрираните дејности кои се вршат во посочените објекти.

По разгледувањето на наводите од пријавата, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување во конкретниот случај од причина што пријавеното правно лице не

е службено лице во смисла на член 8 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на горенаведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: Б.К.Ш.
Одобрил: Н.Б., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**